

**Актуелно: Македонски јазик и во Винковци**

**Интервју со Душан Матиќ, нутриционист: Да и дозволиме и на храната да ни биде лек**



# Македонски глас

Година XX 2012.
СЕПТЕМВРИ – ОКТОМВРИ
RUJAN – LISTOPAD
ЦЕНА 5 кн
ISSN 1333-7769
БРОЈ 79



## Пет тажни години без нашиот Тоше






# ACEROLA ALKALOID®

DODATAK PREHRANI

tablete
za žvakanje




prirodan vitamin C

- Prirodan izvor zdravlja
- Jača imunitet
- Snažan antioksidant
- Ugodnog okusa jagode i naranče
- Ne sadrži šećer

ALKALOID
SKOPJE
*Health above all*
www.alkaloid.com.mk

Prije upotrebe pažljivo pročitati uputu.

OGL-149-01-01-2012-HR

**GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ**

**СПИСАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**

**Главна и одговорна уредничка:**
МИЛЕНА ГЕОРГИЕВСКА

**Заменик на главната и одговорна уредничка:**
ЕЛИЗАБЕТА ПЕТРОВСКА

**Уредништво:**
Компјутерска обработка: Владо Чакмак
Лектура: Марија Георгиева-Петриќ
Секретар и коректор: Елизабета Петровска

**Редакциски одбор:**
Васил Тоциновски
Тинка Барбутов Крстева
Мирјана Мајиќ

**Редакција:**
Елизабета Петровска – Загреб
Јулијана Младеновска Тешија – Осиек
Ива Чрњар – Риека
Мирјана Мајиќ – Задар
Биљана Митревски - Сплит
Тодор Брдарски – Пула

Ovo se glasilo tiska sredstvima iz Državnog proračuna RH posredstvom Savjeta za nacionalne manjine pri Vladi RH.

Nakladnik: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj, Zagreb, Masarykova 16/1
Matični broj: 3805760
OIB: 07739533563
Žiro račun: PBZ 2340009-1100038804

Tel./Fax: (01) 48 72 655
web: www.zmurh.hr
e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr
zmurh.hr@gmail.com

За издавачот: Орце Ламбевски
Печат: М-Принт д.о.о. Загреб

---

Temeljem odredaba čl. 58. st. 3. Zakona o javnom informiranju RH (N.N. br. 22/1992) novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete, Sektor informiranja, dana 14.7.1993

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske broj 532-03-1-7-94-01 od 10. svibnja 1994. ova tiskovina je oslobođena plaćanja poreza na promet.

ЗАБЕЛЕШКА: Коментарите објавени на страниците на ова списание со потписи на авторите се мислења на истите и не секогаш го одразуваат мислењето на Уредништвото. Уредништвото е одговорно само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на нашата адреса стануваат сопственост на списанието, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.

## ЕХО НА ВРЕМЕТО

**Агол на уредникот**
**Urednikov kutak**



# Морални души

Деновиве по повод празникот на мртвите во Хрватска се потсетивме на нашите мили кои веќе не се со нас. Верувам нивните души нè следат, како што многумина ги чувствуваат духовите на оние кои ни се важни и кои ни значат нешто во животот. Многумина, верувам, ја чувствуваат сенката на нашиот ангел Тоше, на кого исто така се присетивме. Тоше кој секогаш се залагаше за несебична љубов и помагање.

Но, верувам нè следат и духовите на Кирил и Методиј и на многу наши истакнати личности кои ни го покажаа патот по кој одиме денес. А за кои, од време на време, се присетуваме.

Пред извесно време, особено внимание ми предизвика темата на еден македонски универзитетски професор кој говори за морал по свој избор. Уважениот професор говори за слободата како најголема вредност на современото човештво – слободата на мислата, на зборот, на истражувањето, на економската ориентација, на политичкото осмислување и здружување, планирањето на својот живот, универзалната слобода на живеењето и етиката.

Натаму, професорот додава кој морал да се избере и да се практикува тоа значи исто што и кој пат да се фати во животот. Но, не еднаш сме се запрашале дали сме го фатиле добриот пат, дали можеби можевме да го фатиме уште подобриот?! Пред оваа вечна дилема мислам дека сме сите исправени. Затоа што колку што има различни животни патишта, речиси толку има и морални патеки и ориентации, за што покрај генералните определби, секој човек самиот си ја доградува својата морална реалност.

Но, како што велат мудрите луѓе, балансот на моралот се прави врз реалноста на различните ориентации и во состојбата во која секоја личност се реализира себе си, а сите заедно ја почитуваат етиката и реализираат хармонија на нејзиното почитување. Бидејќи може да се живее според почитување на мерата, воздржано и разумно, може да се живее според златното правило (древното етичко начело): прави на друг она што тебе сакаш да ти го прават, или ако не сакаш да ти се прави зло и ти не прави зло. Може да се живее настојувајќи само за сопствена среќа и задоволство, корист, или пак, со взаемна почит кон луѓето и неповредување на другиот. Изборот е наш.

Милена Георгиевска
(m.georgievska@gmail.com)

# Македонски јазик и во Винковци



*Ученици од Осиек изведуваат игроказ*

Убаво е кога се слуша дека имаме деца, подмладок, кои ќе ја продолжат нашата традиција, култура, јазик. Но, убаво е и кога се слуша дека деца од други националности учат македонски јазик!

„Во новото училиште во Винковци, каде наставата по македонски јазик почна од оваа учебна година, ситуацијата е токму таква: од вкупниот број, само 5% се деца со македонско потекло! Сите други се тука затоа што ги интересира македонскиот јазик!“ весело истакнува Весна Соколовска Паниќ, нивната учителка. Наставата во Винковци се одвива во ОУ „Иван Мажураниќ“ каде има 3 групи со вкупно 30 ученици на различна возраст!

Весна ја води и наставата во Вуковар, во ОУ „Антун Бауер“, каде има 13 деца кои слушаат настава по македонски јазик втора година по ред и според план и програма за второ одделение.

Во Осиек има вкупно 8 ученици. Учителката Јулијана Младеновска Тешија со радост истакнува колку вредно учат, но воедно вели колку е штета што овие иницијативи не се до крај препознаени од самите Македонци во источна Хрватска. „Во нашето училиште има и настава по албански јазик, и поддршката која тие деца ја имаат од своите родители е за секоја пофалба, што не е случај со нашите родители кои ние ги убедуваме да ги праќаат децата на настава“, вели таа.

Јулијана Тешија

# Предлагање програми за малцинствата за 2013 година

Втората седница на Управниот одбор на Заедницата на Македонците во РХ се одржа на 28 октомври 2012 година во Загреб, а ја отвори претседателот Орце Ламбевски. За кварталниот финансиски извештај на Заедницата се рече дека е уредно и навремено изработен, а стана збор и за тоа со уште колку средства Заедницата располага до крајот на годината, со апел за нивно рационално трошење, како и барање донатори за Заедницата. Извештајот беше едногласно усвоен.

Се расправаше и за списанието „Македонски глас“. Стана збор за добивање понуда од печатницата „М-принт“ за чинењето на еден број доколку комплетно би се печател во боја. Се заклучи дека за тоа да се реализира ќе бидат потребни неколку донации. Се спомнаа и многуте пофалби што се добиваат за подобрениот изглед и содржината на „Македонски глас“.

Седницата продолжи со расправа за програмите на Заедницата до крајот на годинава. Поради рационализација на трошоците, се донесе одлука културните манифестации „Рацинов ден – Бели мугри“ и „Ден на Заедницата“ да се организираат заедно во Самобор на 24 ноември. И преостанатите три книги што се во програмата од оваа година се во подготовка да излезат од печат, исто како и „Македонски глас“ бр. 79.

Врзано за програмите на Заедницата за идната година, Ламбевски информираше дека е објавен Јавниот повик за предлагање програми за 2013 година од Советот за национални малцинства на РХ. Оваа година тој заедно со обрасците е усогласен по директива на ЕУ, па треба на тоа да се обрати посебно внимание. Финансискиот план како и Планот и програмата на работа на Заедницата за 2013 година ќе бидат усогласени со истите на друштвата. Исто така, се рече дека на Јавниот повик за пријава на програми за јавни потреби во културата на Град Загреб за 2013 година од Градската канцеларија за образование, култура и спорт на Град Загреб, се аплицираше од Заедницата за претставување на книги од македонски автори во Загреб.

Е. П.

# „Нова Македонија“ повторно донира за Македонците во Хрватска

*Географски релјефни карти на РМ за наставата по македонски јазик*

Откако веќе неколку пати донираше знамиња, грбови и речници на македонскиот јазик за потребите на македонските културни друштва во составот на Заедницата на Македонците во РХ, Управата на најстариот дневен весник во Македонија „Нова Македонија“, донираше уште една важна работа за Македонците во РХ. Имено, се работи за релјефни географски карти на Република Македонија што беа неопходно потребни за работа во училиштата каде се изведува изборна настава на „Македонски јазик и култура“.



*Директорот Мате Мамиќ ја прима донацијата – релјефна карта и книги*

Прва од шесте донирани релјефни карти на РМ беше предадена на прославата на 11. Октомври на директорот на ОУ „Скалице“, Мате Мамиќ, а во име на Заедницата на Македонците во РХ донацијата ја предаде претседателот на МКД „Македонија“ и потпретседател Заедницата на Македонците во РХ, Ангел Митревски.

Освен картите, во оваа прилика беа донирани и 50 книги на македонски јазик издадени од страна на Заедницата на Македонците и донирани од истата, а кои во иднина ќе бидат дел од библиотекарскиот фонд на ОУ „Скалице“ и можат да ги користат учениците при изучување на македонскиот јазик.

Биљана Митревски

# Вечер на сеќавања за Тоше во Сплит

По повод петтата годишнина на смртта на македонскиот пејач – ангелот Тоше Проески, Македонската Православна Црковна Општина „Св. Наум Охридски“ од Сплит и МКД „Македонија“ организираа на самиот ден на несреќата помен-парастос кој го одржа свештеникот на Македонската Православна Црква во Загреб, отецот Кирко Велински, кој за оваа прилика специјално допатува од Загреб. Богослужбата се одржа во заедничките простории на македонските асоцијации на Мажураниќево шеталиште 8 А.

По завршениот парастос, во истите простории се одржа и т.н. „Вечер на сеќавања“ со слушање на неговите песни и со гледање на снимки на неговите концерти.

Бројните членови на Друштвото се присетија на средбата со Тоше, што ја имаа точно една година пред трагичниот настан кога тој нè напушти засекогаш. По повод на тие сеќавања беше направена и мала изложба на фотографии која нè потсети сите нас на тие денови кога тој за последен пат се дружеше со Македонците од Сплит. Сепак, иако тој остана во срцата на сите нас, кај сите остана отворено прашањето: Зошто мораше тоа да се случи токму така?

Биљана Митревски



*Изложба на фотографии од дружењето со Тоше*

# 11. Октомври еден од најсветлите датуми во македонската историја



И годинава 11. Октомври – Денот на антифашистичкото востание на Република Македонија беше свечено одбележан во Риека. Советот на македонското национално малцинство за Град Риека го чествуваше празникот во соработка со претставникот на македонското национално малцинство за Приморско-горанската жупанија и со МКД „Илинден“. По исполнување на хрватската и на македонската химна присутните ги поздрави Здраве Зафиров, претседател на Советот. Тој меѓу другото, истакна дека ова е еден од најсветлите датуми во историјата на македонскиот народ. Собирот го поздравија и празникот го честитаа истакнати претставници од општественото и стопанскиот живот на градот.

Пригодна беседа за 11. Октомври одржа проф. д-р Васил Тоциновски, раководител на Лекторатот за македонски јазик и литература на Филозофскиот факултет во Риека. Во традицијата и континуитетот на многувековните буни и востанија на Македонија за извојување на сопствените национални и социјални права и слободи, овој настан има посебно место и значење. Станувајќи во сенародна вооружена борба против фашистичките окупатори се потврди решеноста само со сопствена борба и жртви да се извојуваат самостојноста на државата и нејзината иднина. Комунистите, скоевците, партизаните и целиот македонски народ и во Втората светска војна беа водени со идеалот за обединување на својата разнебитена и поделена татковина. Иако тоа не се оствари, Македонија во новата држава на југословенските народи и народности стана рамноправен член, а денес е самостојна и просперитетна држава.

Програмата беше збогатена и со настап на пејачката група на МКД „Илинден“ која исполни повеќе македонски револуционерни песни.

Ива Чрњар



# МКД „Илинден“ на ХРТ



Својата работа и резултати Македонското културно друштво „Илинден“ од Риека имаше можност да ги презентира на Хрватската национална телевизија. Новинарите на емисиите „Призма“ и „Мањински мозаик“ дојдоа во просториите на Друштвото со намера да се снимат репортажи за Македонците во Риека. Претставниците на МКД „Илинден“ и на Македонска православна црковна општина „Св. цар Константин и царица Елена“ зборуваа за историјата, за формирањена македонската заедница во Риека и нивното заедништво, имено четирите правни субјекти дејствуваат во единствен простор и заеднички. Тие говореа и за имиграцијата на Македонците во Риека во минатото. За гледачите на ХРТ кажуваат на кој начин функционираат и кои се нивните програми. Раководителот и членовите на фолклорот и на хорот на МКД зборуваа за своите настапи, за пробите, другарувањето и пред камерите изведоа дел од песните и ората што ги презентираат со голема радост и задоволство.

И. Ч.

# Одбележан Денот на самостојноста на Република Македонија

Колку е убаво кога сме во можност да го прославиме овој ден на нашата татковина. Навистина скромно, ама од срце, со песна и сеќавање од каде што дојдовме, што сме и кои сме.

- Се гордееме со нашата татковина, што слави 21 година од својата самостојност, рече претседателката на МКД „Билјана“ Мирјана Мајиќ во своето обраќање до присутните.

„И немојте да заборавите дека денес живееме во друга татковина, која не прифати како нејзини рамноправни членови“, додаде таа. Дружењето продолжи во пријатна атмосфера со македонска закуска.

Нека ни живее вечно Македонија.

# Тажно сеќавање на нашиот Ангел Тоше

Октомври, 16, 2012 година. Пет години поминаа, а како да беше вчера. Неговиот мил лик засекогаш е во нашите срца. Многу е тешко да се зборува за некого кој не е веќе меѓу нас. Многу е тешко да се зборува за некого што го познавате лично. Чест ми е да речам дека го познавав ова мило момче со глас како славејче. Никогаш нема да ја заборавиме 2007 година и неговата прерано прекината младост.



Денеска Ве повикувам со едноминутно молчење да му одадеме почит на нашиот Тоше. Нека му е вечна слава и фала му за сторените дела, истакна Мирјана Мајиќ во Задар.

Претседателката на МКД „Билјана“ понатаму предложи вечерта да се слушаат само песните од Тоше, што навистина така и беше.

А емисијата на Радиото 057 „Македонска ура“ во целост беше посветена на нашиот Тоше.

# 11. Октомври – Ден на антифашистичката борба во Македонија

Никако немојте да ја заборавите историјата на „нашата Македонија“, нагласи Мирјана Мајиќ, претседателка на МКД „Билјана“ од Задар и додаде „Никогаш немојте да ги заборавите страдањата на македонскиот народ“.

Според неа, и нашите деца треба да ги учиме за историјата на нашиот народ, зошто ако бар едниот родител им е Македонец, тие се полу Македонци. Нека знаат од каде потекнуваат нивните родители и какви биле страдањата на македонскиот народ. Денес сме слободни, благодарејќи на нашите поколенија.

Сè е поубаво навистина со песни, а така помина и оваа вечер.

Мирјана Мајиќ



## ДУШАН МАТИЌ, ИСТАКНАТ НУТРИЦИОНИСТ ОД МАКЕДОНИЈА

*Храната била единствениот лек на човекот уште пред новата ера. Таткото на медицината* ***Хипократ*** *кој живеел пред н.е. (250 г.) рекол дека храната треба да биде единствениот лек за лекување на сите болести. Впрочем, тој бил заболен од дијабетес и се излекувал само со променет режим на исхрана*

# Да и дозволиме и на храната да ни биде лек

Познатиот македонски нутриционист Душан Матиќ доаѓа од Македонија, но секако има посебни врски со Хрватска. Со него, и неговата сопруга Нада Зафировска Матиќ се сретнавме во Шибеник, каде имаат семејна куќа (по таткова страна) и секоја година летото го минуваат во Далмација. Душан Матиќ, како специјалист за исхрана на здрави и болни луѓе, во интервјуто за „Македонски глас“ говори за храната како лек. Неговите ин-



*Сопруга Нада десна рака на познатиот нутриционист Матиќ*

спиративни сугестии многумина негови пациенти буквално ги извлече од дното предизвикано од разни болести. Матиќ е автор на неколку книги, ТВ и радио емисии, новинарски написи и сл. Тој е истакнат предавач не само во Македонија, туку и во странство – Бугарија, Србија, БиХ, Црна Гора и др.

**Може ли и храната да ни биде лек?**

Може. Храната била единствениот лек на човекот уште пред новата ера. Таткото на медицината Хипократ кој живеел пред н.е. (250 г.) рекол дека храната треба да биде единствениот лек за лекување на сите болести. Впрочем, тој бил заболен од дијабетес и се излекувал само со променет режим на исхрана. Храната како лек била призната до пред околу 200 години кога се појавила индустриска револуција и подем на фармацевтската индустрија. Оттогаш се подзаборава храната како лек и почнува лекување со медикаменти, што денес е правило во медицината.

**Која и каква храна има најголемо лековито својство?**

Најголемо лековито својство има свежата, сурова храна, која е полна со неопходните ензими и витамини за човекот. Станува збор за свежото овошје и свежиот зеленчук кои термички не се обработени. Таквата храна треба да доминира во секој оброк, бидејќи таа ја зголемува животната енергија на човекот. Свежиот зеленчук и овошјето го алкализираат човековиот организам, додека термички обработената храна го закиселува организмот. Човекот е оптимално здрав само кога ткивото му е алкално. Тоа се постигнува кога со секој оброк во организмот внесуваме 80% храна со алкална реакција, а само 20% храна со кисела реакција.

**Дали постои разлика помеѓу глад и апетит?**

Постои голема разлика. Апетитот претставува психолошка желба за храна која понекогаш од разни причини може да биде намалена или зголемена. Гладот претставува физиолошка потреба за храна која треба да се задоволи со три или со четири оброка дневно. Меѓу оброците треба да постои пауза од најмалку 4 часа, за во желудникот да се овозможи оптимално разложување на претходно соцваканата храна. Доколку консумираме храна без доволно пауза меѓу оброците, може да се случи непотребно да го дополнуваме желудникот додека тој ја разложува претходната. На таков начин непотребно од храната се создава токсичен отпад кој е штетен за човековото здравје.

**Во последно време според статистиката граѓаните во Македонија и во Хрватска стануваат се повеќе дебели и заболуваат од дијабетес. Каков режим на исхрана може да влијае за да се надминат овие проблеми?**

Граѓаните треба да бидат информирани дека неконтролираното консумирање на прехранбени производи со висок гликемиски индекс, намалување на присуството на свежото овошје и зеленчук во исхраната, како и намалени физички активности се главните причинители за настанатите проблеми. Главниот причинител е големо консумирање шеќер кој има мошне висок гликемиски индекс, потоа енормно користење на производи од бело брашно (бел леб, тестенини и бели печива), потоа често големо користење на компир во исхраната, како и големо користење на бел и полубел ориз. Проблемите може да се надминат ако шеќерот се замени со стевија (природен засладувач), белиот ориз со оризот басмати кој има низок гликемиски индекс, потоа да се избегнува користење на големи количества компири (особено печени компири заедно со печено месо што е најлоша комбинација). Да се исклучи користење на бело брашно и печиварските производи да се подготвуваат со интегрално брашно без адитиви и секако во секој оброк да зголеми присуството на свежиот зеленчук и овошјето.

Милена Георгиевска

## Телото копнее за вода

**Евиденцијата покажува дека македонските граѓани просечно пијат најмалку вода во светот. Кои се последиците?**

Дехидрираноста е причина за многу здравствени проблеми, а треба да се нагласи дека непиењето доволни количества вода предизвикува, меѓу останатото и гастритис, кој за жал е најприсутен кај македонските граѓани. Потребно е да се пие две литри вода дневно, но водата со филтрирање да биде ослободена од присутниот хлор. Во текот на јадењето не треба да се пие вода, туку на половина час пред секој оброк, и час и половина по оброците, за да не дојде до непотребно разводнување на стомачниот сок кој е задолжен оптимално да ја разложи претходно соцваканата храна.



# Богата есен за осиечани



*Низа активности на секциите на МКД „Браќа Миладиновци“од Осиек*

Есента во Осиек мириса на топла земја, домашен леб, јаболка и дуњи. Улиците се прекриени со жолто лисје, а децата растрчани. Просториите на МКД „Браќа Миладиновци“ се полни со членови и активности, и секако, подготовки за „Деновите на македонска култура“ и роденденот на Друштвото. Што правевме во овие неколку месеци?

**На 25-ти септември**, во Ѓаково беше отворена изложбата на македонскиот сликар Крунослав Стојановски со која се заокружија настаните во рамки на манифестацијата „Денови на браќата Миладиновци“ за 2012 година. Изложбата беше сместена во Музејот Ѓаковштина, а на отворањето говореше директорот на Музејот, Борислав Бијелиќ кој го истакна „современото и традиционалното во стилскиот израз на Стојановски“ радувајќи се на соработката со осиечани. Со своја кратка програма настанот го збогатија „Вардарки“, а „Т'га за југ“ беа претставени од виолинистот Кирил Наумов.

**На 26-ти септември**, осумте деца кои учат македонски јазик во училиштето „Вијенац“ го одбележаа Меѓународниот ден на јазиците, каде го претставија македонскиот јазик, историја, географија, носии и музика. Секое дете, и прваčињата Рута, Миха и Кристиан, и второоделенчето Теодора и четвороодделенчето Кико, како и сениорите, петтоодделенците Јонатан, Нивес и Елена беа задолжени за претставување за дел од македонскиот мозаик, кој на крајот заврши со танц и песна: учениците по македонски јазик на своите домаќини им ја испеаја и одиграа „Македонско девојче“, за што добија бурен аплауз!



**На 6-ти октомври** „Големиот Танец“ и „Малиот Танец“ на МКД „Браќа Миладиновци“ настапија на Смотрата на фолклор на националните малцинства во Тења близу Осиек. Смотрата ја организира веќе традиционално СКУД „Свети Сава“ од Тења, а настапуваат претставници на националните малцинства од Тења и Осиек, но и од други места. Оваа година, посебна награда освои Анамариа Жагар за „Најубава девојка во народна носија“ – честитаме Анамариа!

**27 октомври** го означи почетокот на „Деновите на македонска култура“ во Осиек. А тие започнаа со отворање на изложбата на слики на сликарките-аматерки Ранка Митровиќ и Јасминка Павлова Пландер, членки на Друштвото и секцијата „Везилки“, во Домот на хрватската војска. Изложбата на масла на платно со цветни и други мотиви се одржа од 27 октомври до 11 ноември 2012 година.

**На 27 октомври** во фоајето на Домот на ХВ беше претставен и рачно изработениот накит, дел од активностите на Етносекцијата „Везилки“.

Истата вечер започна и роденденскиот концерт на МКД „Браќа Миладиновци“ и нивните гости, КУД „Ѓерам“ од Виљево, здружението „Вуковарци со добра волја“ од Вуковар и „Лорелај Лум“ од Осиек.

Јулијана Тешија



# Антифашизмот на Македонците одигра важна улога за македонската држава

*Пригоден реферат за значењето на антифашизмот на Македонците во Втората светска војна и за значењето на оваа борба за формирањето на современата македонска држава, Република Македонија, прво во рамките на СФРЈ, а потоа со раздружувањето и до долго очекуваната самостојност, одржа доајенот на македонското национално малцинство во Сплит, Владимир Апостолски*

Како и многу минати години, во просториите на македонското културно друштво „Македонија“ во заедничка организација со МКД „Македонија“ од Сплит, Советот на македонското национално малцинство за Град Сплит и жупанискиот претставник на македонското национално малцинство за Сплитско-далматинската жупанија, Владимир Апостолски и оваа година се одбележа 11. Октомври – Денот на антифашистичката борба на македонскиот народ.

По тој повод, уводен збор и пригоден реферат за значењето на антифашизмот на Македонците во Втората светска војна и за значењето на оваа борба за формирањето на современата македонска држава, Република Македонија, прво во рамките на СФРЈ, а потоа со раздружувањето и до долго очекуваната самостојност, одржа доајенот на македонското национално малцинство во Сплит, Владимир Апостолски.

Пригодната програма беше обогатена со настапот на пејачкиот хор „Македонија“, кој ги воодушеви присутните со неколку македонски песни.

Во текот на прославата, на директорот на ОУ „Скалице“



*Владимир Апостолски говореше за значењето на 11. Октомври*

од Сплит, Мате Мамиќ, му беше врачена и вредната донација на најстариот македонски дневен весник „Нова Македонија“ и на Заедницата на Македонците во РХ – географски релјефни карти на Република Македонија и книги во издание на ЗМРХ. Картите се наменети за учениците кои посетуваат настава на македонски јазик. Инаку, ОУ „Скалице“ е првото мултиетничко училиште во Сплит, каде веќе четири години се одржува настава на македонски јазик. „Нова Македонија“ обезбеди карти за сите училишта во Хрватска каде се одвива настава на македонски јазик.

Истовремено со прославувањето на овој значаен јубилеј во најновата историја на македонскиот народ, во организација на МКД „Македонија“, а со финансиска поддршка на Советот на националните малцинства на Република Хрватска, во просториите на МКД „Македонија“ почна и културната манифестација „Македонска културна есен во Сплит“. Нејзиниот почеток го одбележа и отворањето на изложбата на графики на угледната македонска академска сликарка Росица Лазеска од Скопје.Честа да ја отвори оваа изложба му припадна на директорот Мате Мамиќ кој со пригоден говор се заблагодари за донацијата и им посака и на своите Македончиња многу успех во учењето на нивниот јазик.

Биљана Митревски



*Графики на Росица Лазеска од Скопје*

# Навивав за искреното пријателство меѓу двете пријателски земји

*Нашето пријателство, срдечно, човечко, општочовечко, отворено, со подадена рака...*

Вечерва (12.10.2012 година) фудбалскиот натпревар Македонија – Хрватска заврши со 2:1 за Хрватска. И, мене, речиси, ми беше сеедно. Толку благонаклоно го гледав овој натпревар. Дури пред натпреварот, на 3-4 момчиња од Шибеник, дојдени во Скопје за првпат да навиваат за својата репрезентација, им реков дека ќе навивам за двете фудбалски екипи. Со нив случајно се сретнав кога ме прашаа каде има добра ,,клопа", мешана скара и така слично. За да не се чудат, потоа со насмевка им кажав дека јас сум далматински зет и дека над 4 децении секое лето по најмалку еден месец јас сум низ Јадранско Море, релација: Сплит – Брач – Ластово... Да не додавам дека одамна, некаде 1968 година, на покана од истакнатиот македонски актер Илија Цувалековски, бев повикан да се запишам на Театарската академија во Загреб, каде што Личко (Илија Цувалековски) раководеше со заинтересираните студенти од Македонија, дојдени во Загреб да студираат на оваа академија.

Ако се наведе уште и дека во Хрватска се печатени првите книги на македонски јазик, од Зборникот на Миладиновци, ,,Бели мугри" на Кочо Рацин, ќе се види дека ,,има нека тајна веза". Има нешто што нѐ зближува, не се гледа, ама се чувствува. Тоа е основното, а потоа сѐ она што е видливо и јасно. Нашето пријателство, срдечно, човечко, општочовечко, отворено, со подадена рака.

И заради сите тие нешта, многу повеќе потоа, ете, јас денес навивав за искреното пријателство меѓу двете пријателски земји. Така ги почнав овие редови.



Често ми навираат сеќавањата за Мало Мисто, Вело Мисто, за прошетките на Борис Дворник крај брегот на морето во Сутиван на Брач, за моето другарување со Шпиро Губерина низ шибенските улици на Шибенскиот фестивал на детето каде што бев поканет и сместен во хотелите на Соларис во Шибеник. На мојот фејсбук профил често поставувам стари убави далматински серенади, а и некои загорски и други убави хрватски, кои заедно со Франц Владиславиќ на Брач, неговата сопруга Милена, потоа нашиот пријател и легендарен фудбалер Перо Надовеза, ги пеевме на терасата од прекрасната куќа на Франц во Брач, залиени со црно далматинско, пршут и маслинки. Одекнуваа ,,Да није љубави не би свита било", ,,Манде липа Манде", ,,Како што е таа чаша полна со вино", ,,Калеш Анѓо" и така со ред...

Ми се чини дека и јадранските бранови повесело играа низ морската шир, во тие полноќни весели акорди. Во едно такво расположение, песни проследени со убавината на хармониката во рацете на веселиот славонец дојден кај ,,барба" Франц, за првпат во животот на песната ,,Како што е таа чаша" од радост и веселба ја скршив чашата удирајќи ја од борот кој беше непосредно пред нас. Се разбира, со претходна дозвола од нашиот домаќин. Сепак, тоа и денес ми е криво, бидејќи можеше да помине песната и без кршливиот звук на чашата.

Ете, оваа вечер, такви мисли ме вјасаа, мисли кои ми ја крепат душата, често ме носат во носталгија во меланхолија, спомени кои се врежаа засекогаш во мојот живот. За нив зборуваат и фото-албумите кои често ги прелиставам и повторно шетам по спомените од тоа време, од времето кое живее. Затоа во таа чест, на читателите на ова навистина прекрасно списание, им подарувам две песни. Првата за моето родно Вевчани, а втората за моето второ (исто како родно) Ластово.

Наум Попески, писател

## ВЕВЧАНИ

*Крај изворот во Вевчани*
*темјанушки жолти,сини,*
*дојди гледај и уживај,*
*само немој да ги кинеш.*
*Наоколу зеленгора,*
*кокичиња, цвеќа разни,*
*штом ги видиш, сам ќе речеш,*
*ова е за бајки, сказни.*
*Тивко шуми Јабланица,*
*птици пеат крај водата,*
*за вевчанци, храбри момци*
*и за Ставре војводата.*
*Тој што барем еднаш дошол,*
*убавина што е сфатил,*
*па повторно добредошол,*
*во Вевчани пак се вратил.*
*Блазе си ти мило дете,*
*што те роди таква мајка,*
*во Вевчани, лично, ликум*
*ти да растеш ко во бајка.*

## УБАВ Е МЕДИТЕРАНОТ

*Таму сред Јадранот убав*
*кај бранот бисери рони,*
*островот Ластово спие,*
*сред морска тишина сони.*
*Галеб над сините води,*
*пее од утрото рано,*
*бродот Ластово плови,*
*убав е Медитеранот.*
*Еј лично Јадранско Море,*
*в срцево мое си збрано,*
*со палми борови китни,*
*убав е Медитеранот...*

# Полнолетство без мана

*МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек го одбележа својот 18-ти роденден. Да се биде полнолетен значи да се гледа во иднината, но да не се заборава залогот на минатото, на сите оние луѓе и активности кои оставиле трага во работењето на Друштвото*



*Сениорките на МКД од Осиек блеснаа во полн сјај – Голем танец*



*Изведба на македонски песни под диригентство и аранжман на С. Цветичанин*

„Родендените, а особено оние кои го означуваат полнолетството, се прекрасна и особена пригода. Се радувам што можам да бидам со вас токму вечерва, кога го прославувате својот 18-ти роденден – 18 години активно работење на МКД „Браќа Миладиновци“ кои долго ги познавам и со задоволство ги следам, во нашиот град на Драва кој е познат по својата отвореност и мултиетничност“, рече во своето обраќање до присутните градоначалникот на Град Осиек, Крешимир Бубало.

Да се биде полнолетен е одговорно. Да се биде полнолетен значи да се гледа во иднината, но да не се заборава залогот на минатото, на сите оние луѓе и активности кои оставиле трага во работењето на Друштвото. А на нив, со своите активности им се заблагодарија и тоа на најдобар начин го покажаа членовите на МКД „Браќа Миладиновци“ во двоиполчасовната програма исполнета со танци и песна!

Роденденскиот концерт на МКД „Браќа Миладиновци“ го обогатија гостите, КУД „Ѓерам“ од Виљево, здружението „Вуковарци со добра волја“ од Вуковар, и „Лорелај Лум“ од Осиек.

Програмата започна со најмалите и песната „Роденден“, драмата на иста тема со водителката Ј. Пландер, претставување на историјата и културата на Македонија со наставничката Ј. Тешија, а потоа и со танцување традиционални ора во кореографија на К. Атанасовски. Се надоврзаа Виљевчани кои настапија со сплет песни „Славонија Диридика“, па нашите „Т'га за југ“ со „Невестинско оро“ и „Вардарки“ со четири прекрасни македонски песни под диригентство и аранжман на С. Цветичанин. Вуковарците настапија со рецитации и куса драма на поетски текст на М. Антиќ, а по нив повторно песни: Јосипа Мијачанк од „Лорелај Лум“ ја испеа песната „Ти си звезда балканска“ посветена на Т. Проески (од Е. Менковска), а по неа повторно настапија „Ѓерам“ од Виљево со сплетот „Буњевачка будница“ во рачно изработени носии од свила. Филип Менковски песната „Несоница“ ја изведе заедно со „Т'га за југ“. Вечерта кулминираше со прекрасниот настап на „Големиот танец“: сениорките на МКД блеснаа во полн сјај со својата изведба „Мариовска тресеница“ во кореографија на Мирта Гало – која вели дека годините не се пречка ако се сака македонската песна!

Јулијана Тешија



*Долгогодишната поранешна претседателка на МКД „Браќа Миладиновци“ Јагода Цветичанин во друштво со градоначалникот Бубало, Јовановски и малиот Миха*

# Пет тажни години без нашиот Тоше

*„Тоше направи многу во обединувањето на народите на овие простори. Беше единствен кој ги укина сите граници и со добра намера ги соедини луѓето преку своите песни“, изјави вршителот на работите на Амбасадата на Р. Македонија во Р. Хрватска, Реџеп Салиу*



Споменот за Тоше Проески и денес, после пет години од трагичната несреќа кај Нова Градишка во која го загуби својот млад живот, на сите негови почитувачи и обожаватели им дава уште поголема приврзаност кон него и неговото дело. Имаше само 26 години, а хуманоста и човечноста што ги сееше насекаде околу себе, останаа да говорат во мислите и срцата на сите кои го сакаа. И во неговите песни. Преку нив Тоше продолжува да живее и да ја пренесува пораката на љубовта и заедништвото. И засекогаш нè задолжи верно да ја следиме.

Во негова чест и спомен, во петокот на 12 октомври во црквата „Св.Терезија“ протојереј Кирко Велински одржа литургија за Тоше, а на 13 октомври во 6.20 часот наутро, во организација на Туристичката заедница на градот Нова Градишка и Амбасадата на Македонија во Хрватска, почитувачите на Тоше ја одбележија петгодишнината од неговата смрт со полагање цвеќе, палење свеќи и одавање почит пред неговиот споменик кај Електротехничкото училиште. Веднаш потоа, 16 маратонци од Македонија започнаа да го трчаат петтиот Ултрамаратон за Тоше од Нова Градишка до неговото вечно почивалиште во Крушево.

- За Република Македонија, овој ден кога се сеќаваме на Тоше е посебно важен и затоа особена ми е чест да бидам денес во Нова Градишка која го памети нашиот Тоше и ја одбележува годишнината од неговата трагична смрт. Иако така млад, Тоше направи многу во обединувањето на народите на овие простори. Беше единствен кој ги укина сите граници и со добра намера ги соедини луѓето преку своите песни. Неговите песни беа песни на љубовта. Сакам посебно да истакнам дека Тоше многу ја сакаше Хрватска и често ја посетуваше. Сеќавањето на него што го чуваме, уште подлабоко ги поврзува нашите два народа и сите оние што во него и неговата музика ја препознаваа пораката што го направи УНИЦЕФ-ов амбасадор на добрата волја, изјави вршителот на работите во Амбасадата на РМ во РХ, Реџеп Салиу.





- Веќе пет години доаѓам во Нова Градишка и трчам за Тоше. И во иднина ќе го правам тоа. Ме инспирира големата љубов за Тоше, вели ултрамаратонецот Томислав Спасовски.





Истиот ден, веќе втора година по ред, се одигра и ракометен хуманитарен натпревар помеѓу ветераните од Нова Градишка и екипата ветерани од Македонија. На 14 октомври во црквата „Св. Рок" во Загреб, се одржа литургија за Тоше, а на 16 октомври, претседателот на Заедницата на Македонците во РХ, Орце Ламбевски и членот на Советот на МНМ за Град Пула, Орце Стојкоски, положија венци свежо цвеќе пред споменикот на Тоше.

- Тоше беше носител на сета добрина што еден човек може да ја има. Сите го сакаа и тој ги сакаше сите. Со него можеме само да се гордееме и да го славиме неговото дело и на тој начин барем малку да му се одолжиме за сè што направи за нас. Многу ни недостига, рече претседателот на Заедницата, Орце Ламбевски.

Премногу сеќавања ни остави нашиот Тоше, неговиот ангелски глас, насмевка, милост. Пет тажни години поминаа, а сè и понатаму останува исто. Немерливи се болката, солзите, тагата...

Е. Петровска

### Mise za Tošu Proeskog povodom 5. obljetnice smrti

# NEISPJEVANA PJESMA

Listopad je posebno težak mjesec. Teški dani započinju s 5., datumom kad je Toše posljednji put održao koncert, u svome Skopju. Slike beskrajne sreće, energije, života, ljubavi prema publici, prema majci koju je zagrlio i nije se znalo tko je od njih dvoje ponosniji i zadovoljniji. Dolazi 15., kasno navečer, vrijeme posljednjeg Tošinog intervjua, umor na licu, neki unutarnji otpor koji mu nije dao da pođe u Zagreb, ali odgovornost prema poslu i preuzetim obvezama bila je jača. I onda kobno jutro 16. Kraj. Kraj fizičkog, kraj snova, kraj budućnosti. Samo velika tuga, samo sjećanje, samo duhovno je ostalo.

A duhovnost i vjera vodile su Tošu kroz život. Za mir njegove duše molimo se već pet godina.

Mi u Hrvatskoj imamo sreću da postoji mjesto i postoji svećenik koji se osjeća kao i mi – ljudi koji su izgubili Tošu i koji znaju njegovu veličinu.

Naš svećenik, protojerej Velinski svih ovih pet godina neumorno moli za Tošu, svake nedjelje, svakog datuma rođenja, svakog datuma smrti.

Ove godine, kao i nekoliko posljednjih, otac Velinski prvo je održao misu 12. listopada u Novoj Gradiški, mjestu gdje se prije daljnjeg putovanja zadržala Tošina duša 16.10.2007. Ova je misa bila namijenjena prvenstveno maratoncima, dragim i neumornim ljudima koji održavaju ovu prekrasnu tradiciju već petu godinu, trčeći 1100 km odajući počast Toši.

Na misi u crkvi Sv. Terezije u Novoj Gradiški, protojerej Velinski je rekao: „Toše će nam uvijek nedostajati, a njegove riječi – volim vas sve i koje su upućene svima, ostat će zapamćene. Međutim, još više ostaje zapamćeno njegovo djelo koje je započeo – mir među ljudima, vjera u Boga… Sve one moralne vrednote koje je isticao,



prepoznalo je puno ljudi, mladih i starih generacija." Napomenuo je također da je Toše bio čovjek koji je pomagao tamo gdje je potrebno bez razlika na vjeru, naciju, boju kože. Poželio je maratoncima sretan put uz Božji blagoslov.

Dva dana poslije, 14. listopada u Zagrebu je održana misa u kapelici na Rokovom perivoju. Kapelica je bila puna Tošinih fanova i poštovatelja, a došli su i neki prijatelji i suradnici. Pozorno su se slušale riječi oca Velinskog koji je naglasio ljubav prema svima koja je Tošu vodila kroz život, istinsku vjeru kojoj se predavao gdje god bio, pomoć koju je pružao svima kojima je trebala. Otac Velinski je apelirao na roditelje da odgajaju svoju djecu na način na koji je Toše bio odgajan, da voli i poštuje svoje roditelje, da čini dobro. Zaključio je da je Toše naša pjesma neispjevana, pjesma koja je ostavila velik trag i koju nikada nećemo zaboraviti.

Nakon mise, prisutni su se po običaju za Tošinu dušu počastili bogatom trpezom u kojoj su najvažnije mjesto zauzele pšenica koju je poslala Tošina majka, te kruh i vino. Sve je to pripremila naša Tanja, a posebno se isticao lijepi cvjetni buket u obliku srca s Tošinim imenom i u bojama makedonske zastave.

Osim misa u Zagrebu i N. Gradiški, Tošini fanovi su u periodu od 12.-16.10.2012. organizirali mise u Splitu, Skopju, B. Luci, Međugorju, Ljubljani, Rogaškoj Slatini, Beogradu, Sofiji…

Stela Prislan Fujs

## ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА ВО ЗАГРЕБ



# Изложба на македонската традиција и уметност

Како што шаренилото на лисјата, студениот ветер и дождовните капки ја најавија есента, така изложбата на македонската традиција и уметност го најави вториот дел од „Деновите на македонската култура“ во Загреб. Во организација на МКД „Охридски бисер“, а под покровителство на Советот за национални малцинства на РХ, по повод „Денот на независноста на РХ“ и „Денот на антифашистичкото востание на РМ“, на 5 октомври 2012 година во Галеријата „Звонимир“ МОРХ во Загреб, беа претставени две изложби, изложбата на таписерии „Нешто ново, нешто поинакво“ од авторката Анка Рабузин и дела од сликарско-копаничарската колонија „Паппрадишки мајстори“ од Велес. Во рамките на манифестацијата беа претставени и ракотворбите на членките на етно-работилницата „Разбој“ на Друштвото под водство на Виолета Салопек. Сите овие уметнички творби на специфичен начин во една целина успешно ја соединија сета убавина на македонското културно богатство.

На отворањето, водителката Тинка Б. Крстева ги поздрави бројните поклоници на уметноста, меѓу кои беа и Рецеп Салиу, вршител на работите во Амбасадата на Република Македонија во Република Хрватска, Маја Бајиќ, претставничка од Министерството за надворешни и европски работи на РХ, Орце Ламбевски, претседател на Заедницата на Македонците во РХ и Никола Гроздановски, почесен претседател на Заедницата, протојереј Кирко Велински, свештеник на МПЦ во РХ, Мирјана Мајиќ, претседателка на МКД „Билјана“ од Задар, претставници од Советот на МНМ за Град Загреб и другите гости.

Претседателот на МКД „Охридски бисер“, Благој Штерјов, истакна дека манифестацијата „Денови на македонската култура“ во Загреб се одржува традиционално веќе седма година по ред и со изрази благодарност до уметниците, ги нагласи својата гордост и задоволство за успешната работа на членовите и секциите на Друштвото.

– Ваквите настани само ја продлабочуваат квалитетната културна соработка помеѓу Македонија и Хрватска и го негуваат пријателството на овие два народа, додаде Штерјов заблагодарувајќи му се на Звонимир Батушиќ, водителот на Галеријата „Звонимир“.

Во музичкиот дел од програмата настапи пејачката група „Моми бисерни“ под водство на Сафиудин Алимоски со неколку македонски народни песни, а како гост на вечерта настапи хорот „Булбули“ при КУД „Препород“ под стручната палка на Исмет Куртовиќ.

По службениот дел од отворањето, посетителите имаа прилика да вкусат македонски домашни специјалитети подготвени од кулинарската секција на Друштвото. Изложбата можеше да се разгледа до 14 октомври.







## „Нешто ново, нешто поинакво“







Анка Рабузин е родена во 1958 година во Струмица, а во Загреб живее повеќе од 30 години. Тука завршува Технолошки факултет, програма текстилна технологија. Своето искуство и знаење со голема љубов ги пренесуваше на учениците во Текстилното училиште во Забок, а беше и водителка на етно-секцијата „Везилки“ при МКД „Крсте Мисирков“. Денес е активна членка на МКД „Охридски бисер“. Досега има изложено на групни и самостојни изложби во Пула, Риека, Задар и Загреб.

Уметничкиот израз на авторката го претстави Жељка Јелавиќ, виш кустос од Етнографскиот музеј во Загреб:

- Анка Рабузин е вљубеник во рачните ракотворби. Сите овие 25 рачно изработени таписерии се направени во техника на плетење, но во овој случај, тоа е плетење со ченгелата (игла со еден забец), што значи, се користи само една игла, а не две, како кај вообичаеното рачно плетење. Во Хрватска, овој начин на плетење е познат како техника која има свое посебно име: „kačkanje“, „kukičanje“ или „heklanje“. Истражувајќи нови можности, Анка истовремено ја чува древната женска вештина од заборав, давајќи и ново значење и човечка топлина.

- Овие таписерии се нешто ново и нешто поинакво во однос на оние што досега сум ги изработувала во техниките за рачна работа; својата прва таписерија ја направив во времето на своето средношколско образование и тоа беше таписерија на платно. Потоа уште некое време изработував таписерии во таа техника, па преминав и на употреба на други техники за правење на таписерии, од кои посебно интересни ми беа техниките: „ѕвездесто ткаење“ и „макраме“. Во целиот тој период изработував и разни други украсни предмети и предмети за употреба: капи, торби, шалови, завеси, салвети, честитки, слики, украси за елка и слично, и тоа во многу техники: плетење, ткаење, везење, макраме... – ја претстави својата работа авторката Рабузин.

Вредно е да се спомене и тоа дека освен што се бави со изработка на рачни ракотворби, Анка Рабузин својот уметнички талент го изразува и со пишување песни, а деновиве се очекува да излезе од печат нејзината прва стихозбирка „Сонце“ во издание на Заедницата на Македонците во РХ.

## „Папрадишки мајстори“







Оваа сликарско-копаничарска колонија основана е во чест на големиот број папрадишки сликари, зографи, резбари и градители од Велешкиот крај. Колонијата ја претстави Елизабета Петровска:

- Првите пет години колонијата се одржуваше во селото Папрадиште од каде и потекнува идејата за нејзиното основање. Денес таа се одржува во Велес, во спомен-куќите на Јордан Хаџи Константинов – Џинот и Касапови. Во неа учествуваат околу 20-тина уметници, 13-14 во сликарскиот дел и 6-7 во копаничарскиот дел. Учесниците се уметници од Македонија и странство. За македонските автори вистински престиж е учеството на оваа колонија затоа што учествуваат имиња како Чемерски, Гавровски, Василев и други. Досега од колонијата во сопственост на Општина Велес се останати околу 300 дела.

На изложбата беа претставени 17 уметнички слики и 9 дела изработени во дрворез од мајсторите на колонијата.

Елизабета Петровска

# Прославата на „Денот на Советот“ ги сплоти Македонците





Овогодинашниот „Ден на Советот“ што се одржа во организација на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб на 13 октомври во салата на Меѓународниот центар за услуги во културата во Травно, Загреб, беше посветен на големиот македонски празник „Ден на антифашистичкото востание на РМ“.

- Драги Македонци, драги пријатели и гости, во името на Советот и во свое име, срдечно ве поздравувам и ви посакувам вечерва пријатно да се чувствувате, а за доброто расположение следи програма што заедно ја подготвија нашите македонски здруженија и драгите гости-пријатели кои делуваат во Град Загреб – со овие зборови претседателот на Советот, Томе Апостолоски ја отвори прославата, при што гостите накусо ги запозна со програмата за работа и соработките остварени преку Советот во тековната година.

По интонирањето на хрватската и македонската химна, водителката на програмата Марија Георгиева-Петриќ ги поздрави ценетите гости Рецеп Салиу, вршител на работите во Амбасадата на Република Македонија во Република Хрватска, Жељко Заниновиќ, претставник на Канцеларијата на градоначалникот на Град Загреб, протојереј Кирко Велински, свештеник на Македонската Православна Црква во РХ, Драгутин Лацковиќ, потпретседател на Советот за градската четврт Нови Загреб – Исток, Никола Гроздановски, почесен претседател на Заедницата на Македонците во РХ, претставниците на здруженијата на националните малцинства, претставниците на советите на националните малцинства и сите останати присутни гости.

На прославата први настапија учениците од дополнителната настава по македонски јазик и култура при ОУ „Никола Тесла“ под водство на професорката Деспина Белчовска Велинска со рециталот „Прошетка низ Македонија“ и измамија долготраен аплауз од публиката. Потоа пејачката група „Моми бисерни“ при МКД „Охридски бисер“ ги исполни песните „Сношти поминав, заминав“, „Борјано, Борјанке“ и „Праша ли Тинке мајка ти“, а Ѓулијана Алимоски се претстави на флејта со инструменталот „Армакедон“. Следеше проекција на видео спотот на песната „Една мајка постои“, со текст од Енвер Рашити, инаку гостин на прославата, а во изведба на Петар Нечовски, што победи на фестивалот „Охрид фест – Охридски трубадури“ во 2006 година.

Пејачката група „Езерки“ при Хрватско-македонското друштво на пријателство ги изведе народните песни „Рум, дум“, „Не си го продавај Кољо чифликот“, „Касапско оро“ и „Море сокол пие“. Програмата продолжи со настапот на гостите – хорот „Булбули“ при Културното друштво на Бошњаците во Хрватска „Препород“ под водство на диригентот Исмет Куртовиќ. Тие ја воодушевија публиката со песните „Lijepi li su mostarski dućani“, „Kiša pada, trava raste“, „Moj dilbere“ и „Điđa“. Крајот беше резервиран за настапот на оркестарот „Т'га за југ“ при МКД „Крсте Мисирков“, кои под водство на Иван Качуров ги изведоа песните „Ние сме Македонци“, „Једна је Хрватска“ и „Сплет македонски ора од Повардарието“.

„Денот на Советот“ видливо ги расположи и сплоти Македонците и нивните пријатели. Така, заедничкото дружење продолжи и по официјалниот дел од програмата, во фоајето на Културниот центар со свечена закуска, чаша македонско вино и со веселба, музика и песна.

Елизабета Петровска





## МАРИЈА ГЕОРГИЕВА-ПЕТРИЌ





# „Додека живееш, биди жив“

Велат дека не знаеме што животот ни носи и веројатно е подобро што е така. Марија Георгиева-Петриќ никогаш не очекуваше дека ќе ја напушти родната Битола, каде што живееше со родителите Елветија и Владимир и сестрата Лидија. Таму ги помина срeќните детски години, таму матурира и се гордееше со градот чиј градоначалник за време на нејзините гимназиски денови беше татко и Владимир. По дипломирањето на Архитектонскиот факултет во Скопје се врати во родниот град и започнува да работи како архитект во проектантско биро. Но спокојниот тек на животот ненадејно и се менува и Марија се преселува во Загреб. Причината е голема – љубовта. Резултат од таа љубов кон сегашниот сопруг Иван е ќерката која се роди во Загреб, но доби македонско име – Елена.

Во Загреб Марија продолжи да работи како архитект, но набрзо во Хрватска почнува Татковинската војна и животот повторно неочекувано и се менува. Благодарејќи на своето знаење на странски јазици започнува да работи како преведувач за женевската делегација на Меѓународниот Црвен Крст, верувајќи дека тоа ќе потрае само неколку дена, додека не завршат воените конфликти. Но траеше многу подолго и Марија целосно навлегува во преведувачките води – сè повеќе се усовршува во странските јазици и станува прв судски преведувач за македонски јазик во Хрватска. Набрзо почнува да преведува за Државен протокол на Република Хрватска. Освен за македонски јазик, подоцна е именувана и за постојан судски преведувач за англиски, српски и бугарски јазик. По завршувањето на војната, започнува да работи за Амбасадата на Република Македонија во Загреб, каде стекнува вредно искуство во работата на подрачјето на дипломатијата.

Во 2005 година Марија Георгиева-Петриќ во Загреб отвора своја преведувачка фирма БЕКОС д.о.о. која до денес успешно работи. Врската со Македонија секогаш остана жива во нејзиното срце и тоа е една од причините што неодамна основа агенција за преведување и во Скопје – Бекос Лингва ДООЕЛ. Но и покрај бројните службени обврски, настојува да одвои време за вклучување во активностите на некои македонски асоцијации во Хрватска.

Член е на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб во втор мандат. Настојува да помогне во работата на Советот колку може повеќе и се радува што Советот е сè поуспешен во својата дејност. Животот ја научи дека изненадувања и промени нè очекуваат кога најмалку се надеваме, па се обидува да го следи начелото на Гете: „Додека живееш, биди жив.“

Е. Петровска

# Две децении од првата богослужба на македонски јазик во Загреб








По повод 20 години од првата богослужба на македонски јазик во Загреб, Р. Хрватска, Неговото Високо преосвештенство Митрополитот Европски г. Пимен отслужи света Божествена Литургија со парохискиот свештеник протојереј Кирко Велински и ѓаконот Сашо Целевски, на која присуствуваа голем број верници и зедоа активно учество, пеејќи ги литургиските химни. За напредокот на Македонската Православна Црковна Општина „Св. Злата Мегленска“, Митрополитот Пимен напомена дека пред сè треба напредок во духовниот и соборниот литургиски живот, притоа не криејќи го своето задоволство од работата на истата општина. Во својата беседа толкувајќи го евангелскиот



текст – параболата за сејачот и семето, истакна дека Македонија е плодна почва за сеење на семето христијанско уште од времето на света Лидија, па сè до ден денес, спомнувајќи за новоканонизираните македонски светители – Пречистанските маченици и Четириесетте битолски преподобни маченици кои денеска на светата Божествена Литургија во Битола беа вброени во диптихот на светиите. По Литургијата парохискиот свештеник отец Кирко Велински го изрази своето задоволство од досегашната соработка со македонското православно население кое целосно се вложува во напорите за изградба на нов храм кој би се изградил на веќе купениот простор во близина на центарот на Загреб, а воедно претстави и книга во која би се запишале имињата на сите дарители, со цел истите постојано да останат запаметени.

Потоа Митрополитот Пимен ги освети и канцелариските простории на Македонската православна црковна општина „Света Злата Мегленска“ во Загреб.

Протојереј Кирко Велински

# „Столетни опстојби“ за хрватско-македонските врски

*Неуморниот истражувач Васил Тоциновски своите сознанија ги преточи во ново дело кое излезе во издание на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска. Таа е една од оние ретки книги чии интерес се долгите и традиционално добри културни и книжевни врски меѓу Хрватска и Македонија*

Книгата „Столетни опстојби“ од неуморниот истражувач Васил Тоциновски деновиве излезе во издание на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска. По трудовите на Горан Калогјера, таа е една од оние ретки книги чии интерес се долгите и традиционално добри културни и книжевни врски меѓу Хрватска и Македонија. Интересот на авторот е свртен кон значајни, а малку познати и проследувани автори и дела, процеси и project појави во 19. и во 20. век. Првите два текста со право им се посветени на браќата Константин и Андреја Д. Петкович. Тие во втората половина на 19. век и најмаркантно ги одбележуваат соработката и врските меѓу двата словенски народа. Константин петнаесетина години бил царски руски конзул во Дубровник, а новите архивски истражувања посочуваат дека помладиот брат Андреја на таа функција не минал две, туку дваесет години во Риека.

Од архивски материјали и весници на италијански јазик се откриваат многу нови и интересни податоци за неговата дипломатска, културна и хуманистичка мисија која оставила и сопствени траги. Во втората студија за него направена е една своевидна интересна и оригинална психолошко-социјална анализа на неговиот европски интелектуален дух. При крајот




на 19. век посебна политичка и публицистичка дејност развил охриѓанецот Георги Капчев. Нему му се посветени три студии. Во првата се говори за хрватскиот период на неговата дејност, во вториот тема е соработката со весниците „Обзор“ и „Хрватска домовина“, а во третата студија добиваме нови сознанија за животот и работата на овој значаен деец од редовите на ВМРО.

Васил Тоциновски со аналитички пристап кон аргументите посебен текст посветува на Илиризмот и заклучува дека токму тој имал најголемо влијание врз македонското просветителство и неговите протагонисти. Посебно интересни се трудовите за Константин Миладинов како втемелувач на македонско-хрватските културни и научни врски и оној во кој се говори за престојот и дејноста на Андреја Д. Петкович, Георги Капчев и Кочо Рацин во Риека. Таа и таквата соработка се следи до најнови времиња. Во текстот „Венко Марковски на Голи Оток“ се раскажува за пријателството на македонскиот поет и дисидент со неговиот риечки собрат по политичка судбина и по перо Андрија Вучемил. Во првиот дел од книгата поместени се и студии за женското поетско писмо на македонскиот 19. век, за Илинден како тема во македонската поезија, и студии за дводомните автори Стојан Божов, Петар Стојков и Серафим Григоров.

Вториот дел од книгата е монографскиот труд за поетот и раскажувачот, есеистот и домољубот Серафим Григоров. Како припадник на дводомните автори, тој е несомнено најзначајниот претставник на познатиот круг македонски автори во Стара Загора, Бугарија. Иако починал многу млад, неговата македонска револуционерна дејност и книжевното дело живеат и опстојуваат со идеите и со идеалите за слободата и за иднината на саканата татковина Македонија. И со овој прилог Васил Тоциновски на македонската книжевна историја и приопштува еден знаменит и вреден автор, откорнатик, кој иако живеел во друга земја и користел туѓојазичен израз негова единствена и голема тема била Македонија. Книгата е заокружена со белешки и индекс на личните имиња.

Книгата „Столетни опстојби“ на Васил Тоциновски со своите архивски истражувања и научнички умеења донесува многу нови, помалку или речиси непознати страници од традицијата на македонската пишана реч. Оттука таа е интересна лектира која побудува интерес не само со темите, туку и со убавиот јазик и стил, разбирлив и облагороден, со новите вистини и размислувања, посебно со јасните ставови и заклучоци на темата за трајноста и непокорот на македонствувањето.

Ива Чрњар

# МКД „Илинден“ на етно смотра

*„U kulturi koja pokriva euroazijski prostor, ova Etno smotra koja se u Rijeci već tradicionalno održava, nedvojbeno je najstarija i najveća. Njen najdojmljiviji dio je kultura raznih naroda, u čemu prednjači pjevanje i plesanje te prezentacija starih običaja, posebice kroz narodne nošnje“, рече Јадранка Чубриќ, секретарка на Хрватската музичка унија во Риека*



*Со песни и ора претставено македонското културно наследство*

Во организација на Град Риека и на Хрватската музичка унија на 22 и 23 септември беше одржана традиционалната 16. Етно смотра во Риека. На смотрата настапија 150 изведувачи од 12 риечки друштва на националните малцинства како и нивни гости. Со богатата програма ова смотра беше извонредно успешна, а започна со концертот на вокалните состави од Заедницата на италијанското национално малцинство. На концертот настапија: „И виртуоси фиумани“ од КУД САЦ Фрателланза, „Словенка“ од Матица Словачка, „Есхатон“ од Еврејската општина од Риека, „Рјабинушка“ од Загреб, гости од Рускиот дом, КУД „Босна“, Културното друштво на Русини и Украинци „Рушњак“ од Риека и Ален Полиќ со вокалниот ансамбл „Миела“. Фолклорната приредба беше одржана во неделата, на 23 септември во Чешкиот дом „Т. Масарук“, а на неа настапија: Словенскиот дом КПД „Базовица“ од Риека, Македонското културно друштво „Илинден“ од Риека, КУД „Јоаким Харди“ од Петровци, гостите на Културното друштво на Русини и Украинци „Рушњак“ од Риека, Друштвото „Ашкалија ПГЖ“ и „Словенка“ на Матица Словачка од Риека со придружба на тамбураши од КУД „Заметски корен“, „Цсергето“, „Дунакилити“, гостите на Демократска заедница на Унгарското национално малцинство, фолклорниот ансамбл „Свети Никола“ на Српското културно друштво „Просвјета“ на пододборот во Риека и КД „Иве Јеленовиќ“ од Добрињ.

По повод смотрата во Детската болница на Кантрида се одржа Фестивал на поезијата за деца. Настанот го организираше Српското културно друштво „Просвјета“. Поетите Васил Тоциновски, Ѓакомо Скоти и Јовица Ѓурчиќ им читаа песни на децата кои се наоѓаат во болницата и на тој начин им ги збогатија долгите болнички денови.

„U kulturi koja pokriva euroazijski prostor, ova Etno smotra koja se u Rijeci već tradicionalno održava, nedvojbeno je najstarija i najveća. Njen najdojmljiviji dio je kultura raznih naroda, u čemu prednjači pjevanje i plesanje te prezentacija starih običaja, posebice kroz narodne nošnje. Uveli smo i pravilo da svake godine na smotri nastupi i netko iz redova HGU-a, a ove je godine to bio Alen Polić koji je prepoznatljiv po obradi motiva iz narodne baštine. Kulturno-umjetničko društvo „Ivo Jelinić“ iz Dobrinja izvest će tanac sa sopcima; glazbu koju je UNESCO zaštitio kao nematerijalno kulturno dobro“, рече Јадранка Чубриќ, секретарка на Хрватската музичка унија во Риека.





Ива Чрњар

# Секогаш прв на настаните

*Александар Матијановски е најстариот член на МКД „Билјана“ од Задар. Иако има 88 години тој секогаш е прв на настаните што ги организираме во друштвото. Матијановски е и еден од основачите на македонското културно друштво во Задар*

Во овој број ќе Ви го претставам најстариот член на нашето друштво. Чичко Ацо, како го викаме ние членовите од друштвото, иако има 88 години секогаш е прв во друштвото. Просто му завидувам колку ведар дух има овој човек.

Александар Матијановски е еден од основачите на друштвото, и слободно можам да речам дека тој најредовно доаѓа на сите настани што ги организираме.

Роден Охриѓанец, вели дека често мечтае за Охридските брегови, Канео, Св. Климент и Богородица. На овие години почувствувал желба да отиде во родна Македонија, а последен пат бил во Охрид пред две години со синот, кој ја исполнил желбата на татко си.

Инаку, чичко Ацо е татко на две возрасни деца, дедо и прадедо на една внука и многу е горд поради тоа. Неговата сопруга е Личанка и со неа е во брак повеќе од шеесетина години. Вели дека целата фамилија од сопругата добро го прифатила, зошто и не, кога тој е личност кој со секого знае да направи муабет и при тоа никого не навредува.

Хрватска ја сака исто како што ја сака и Македонија, а во Задар живее од 1967 година.

„Се гордеам со тоа што сум Македонец во Хрватска. Сум имал можност да ги запознаам сите жупании во втората татковина и среќен сум тука“, вели Александар Матијановски.



*Во друштвото се чувствувам како во своја фамилија*

Тој додава дека во друштвото се чуствува како во своја фамилија. Првенствено поради македонскиот збор, песната и ората.

Чичко Ацо активно учествува во сите дискусии во „Билјана“, дава свои мислења и предлози што ние во друштвото достојно ги почитуваме.

Иако е дијабетичар, па веќе по малку му се оштетил видот и слухот, не се предава. Повторно би одел во Македонија да може. Неверојатно колку е витален нашиот чичко Ацо.

Често можете да го чуете како ги рецитира стиховите од Константин Миладинов „Да видам Охрид, Струга да видам“.

Она што нам ни преостанува е да му посакаме на Чичко Ацо да го доживее стотиот роденден, со добро здравје и среќен живот.

Мирјана Мајиќ



*Со претседателката на МКД „Билјана“, Мирјана Мајиќ*

# ЕУ е дел од мојот пат по кој одам

## МАКЕДОНСКИОТ НОВИНАР ИЛИЈА НИКОЛОВСКИ ВО ЕВРОПА

*Моите интереси се насочени кон ЕУ. Сè она што го правам е подготовка за тоа што сакам да го работам. А тоа е дипломатијата, т.е. дипломатските односи и комуникацијата на тоа ниво. Имам амбиции и желба кои сакам да ги остварам*

Една од најактуелните теми на балканскиот простор е секако Европската унија, бидејќи балканските земји се стремат да влезат во Еврозоната. По тој повод разговаравме со Илија Николовски, млад новинар кој живее и работи во Скопје. Тој беше учесник на 23. Летна академија на Европската унија во Бон и во Брисел што се одржа од 30 август до 9 септември. Темата на Академијата беше Европа во криза. Учествуваа луѓе од цела Европа – 80 претставници од 23 земји, а меѓу нив беше и Николовски, како единствен претставник од Република Македонија.

**Илија, на почетокот од нашиов разговор кажете ни неколку збора за себе.**

Роден сум и живеам во Скопје. Во моментов вработен сум во Телевизија Алфа и хонорарно пишувам за моментално најпопуларниот македонски Интернет сајт idividi.mk. На ТВ ја водам емисијата „Фактор здравје". Емисијата третира теми од областа на здравството. На сајтот пак пишувам на теми од областа на културата, за младите, музиката, шоу бизнисот, за урбаниот живот. Зад себе имам 19-годишно искуство во областа на медиумите. Во 2009 и 2010 година, според изборот на ревијата „Форум" бев прогласен за најпопуларно телевизиско лице во Македонија.



Во емисијата „Фактор здравје" секој ден гостува по едно стручно лице со кое разговараме на одредена тема. Гледачите исто така, во живо преку телефон директно можат да поставуваат прашања.

## АКАДЕМИЈАТА МИ БЕШЕ ПРЕДИЗВИК

**По кој повод дојдовте на Летната академија на ЕУ во Бон и во Брисел?**

За Летната академија дознав преку ДААД и повеќе детали открив преку неколку германски организации и ми претставуваше предизвик да се пријавам на неа, зашто едноставно ЕУ како тема ме интересира и лично и професионално.

**Како сте задоволни од својот престој на Летната академија? Можевте ли нешто ново да слушнете и да научите?**

Многу ми се допадна престојот и работата во Бон и во Брисел. Иако програмата беше многу набиена, имав можност во еден ден да научам и да направам многу работи. Од друга страна, присуството на 80-тина учесници беше уште еден голем предизвик да се запознаат нови луѓе и колеги, да разменат искуства и директно да дејствуваме во работните групи и во симулирањето на ЕУ. Најмногу ми се допадна симулирањето на ЕУ, како и посетата на европските институции во Брисел. Научив дека ЕУ е огромен слон кој едноставно речено ги обожува законите. Како институција работи на принципот на солидарност и на консензус, и за сè нешто потребна е толеранција, попуштање, разбирање за доброто на сите. Не е совршена, но ако некоја држава сака да стане нејзина членка, треба да ги почитува нормативите, законите, начелата и принципите на ЕУ.

**Вие и поинаку се интересирате за темите на ЕУ?**

Да, моите интереси се насочени кон ЕУ. Сè она што го правам е подготовка за тоа што сакам да го работам. А тоа е дипломатијата, т.е. дипломатските односи и комуникацијата на тоа ниво. Имам амбиции и желба кои сакам да ги остварам. ЕУ е дел од мојот пат по кој одам.

## МАКЕДОНИЈА ДА ОСТАНЕ НА ВИСТИНСКИОТ ПАТ

**На Летната академија многу се зборуваше за контекстот на балканските земји и ЕУ. Што европските стручњаци кажуваат за Македонија како потенцијален дел на ЕУ?**

Сите тие истакнуваат дека Македонија заслужува да добие датум за преговори и еден ден да стане полноправна членка на ЕУ. Некои дури рекоа дека е тажно што проблемот со името ја оневозможува Македонија да ги оствари своите стратешки цели, иако ги има исполнето своите обврски. Проблемот со името е билатерален и е во надлежност на ООН и тој не смее да е дел од нашата ЕУ агенда. Сега

го имаме Пристапниот дијалог на високо ниво што докажува дека ЕУ бара начин Македонија да остане на вистинскиот пат кон ЕУ.

**Какво је Вашето мислење за влез на Македонија во ЕУ? По каков пат таа ќе се развива откако ќе стане членка на ЕУ? Кои се нејзините потенцијали?**

Сметам дека по влегувањето на Македонија во ЕУ ќе се отворат многу нови можности за работната сила, потоа отворање на пазарите, поголема заинтересираност на инвеститорите и секако поголема конкурентност на нашата економија, бидејќи таа ќе биде дел од ЕУ. Македонија е земја која произведува квалитетна храна, посебно раноградинарски производи, овошје, јагнешко месо, вино и има огромен туристички потенцијал. По влегувањето во ЕУ сметам дека економијата ќе тргне во позитивна насока и ќе се развива. Влегувањето на секоја нова земја, членка во ЕУ придонесува за нејзин развој. Тоа е еден од нејзините основи кој како факт беше истакнат и во Брисел. ЕУ мора да се развива и да се шири, а тоа може да го постигне со прием на нови членки кои ќе ги исполнат условите за членство. На Хрватска и посакувам среќа и успех со зачленувањето во ЕУ следниот јули!

**Вие престојувавте во Хрватска и во Риека? Како Ви се допаѓаат?**

Ух, Хрватска, ја обожувам. Таа е една од моите три омилени држави (заедно со Шпанија и Германија, ха, ха, ха). Сум бил многупати, а во Риека конкретно сум бил два пати. Последен пат бев во Загреб, минатата година. Имам многу пријатели во повеќе градови. Мојата сопруга има тетка која живее во Сењ. Таму последен пат бевме на одмор во 2009 година, кога го посетивме и островот Крк. Го сакам јадранското приморје, Плитвичките езера, Кумровец, Грожњан... Желба ми е да ги посетам Осиек и Вараждин.

Ива Чрњар

**ТОМИСЛАВ ОСМАНЛИ**






# Романот „21." претставен во Загреб

Издавачката куќа „Сандорф" и Центарот за култура Трешњевка организираа прва средба на авторите на „Сандорфовата авантура" која се одржа од 6 до 8 септември 2012 година во Центарот за култура Трешњевка и во три загрепски библиотеки. Во рамките на средбата која вклучуваше промоции на книги, разговори со авторите, литературни читања и музички програми, беа претставени неколку автори и книги објавени на хрватски јазик.

Меѓу нив беше претставен и романот „Дваесет и првиот" на македонскиот сценарист, драматург, критичар, новинар, есеист и писател, Томислав Османли. Освен разговорот во библиотеката „Стаглишќе" и читање делови од книгата во библиотеката „Богдан Огризовиќ", на 8 септември, токму на Денот на независноста на Македонија, во Центарот за култура Трешњевка беше одржана промоција во присуство на авторот, преведувачот проф. д-р Борислав Павловски, шеф на Катедрата за македонистика при Филозофскиот факултет во Загреб, главниот уредник на книгоиздавателството „Сандорф", Иван Сршен и проф. д-р Матко Сршен од Академијата за драмски уметности во Загреб.

Со извонредниот осврт на проф. Павловски за македонско-хрватските книжевни релации (книжевни размени и современи запознавања), со интерпретацијата на делови од романот на проф. Матко Сршен и со излагањето на авторот, настанот помина на завидно ниво и со висок квалитет. Книгата е со дизајн што го означува нејзиниот македонски домицил, а тоа означување на македонскиот идентитет беше своевидна почест на издавачот Иван Сршен кон македонската култура, национален и книжевен идентитет.

Романот нè води низ македонската политичка, но и литературна историја и претставува своевиден „tour de force" на Томислав Османли, кој со оваа книга се обидува да ги објасни слоевитите поделби во самото македонско општество и апокалиптичниот карактер на сèбалканскиот идентитет, пишува на корицата на книгата.

- Томислав Османли напиша елегантен, мистичен, интелектуално софистициран и експертски структуриран роман за потрагата по тајниот премин во подобра иднина, кон вечноста што наликува на митска змија која си ја јаде сопствената опашка. Тоа е прекрасна книга која по првото отворање не се испушта од рака, вели проф. Венко Андоновски за романот кој беше прогласен за Роман на годината во 2009 година и македонски кандидат за меѓународната награда „Балканика" во 2010 година.

Е. П.

# АКЦЕНТ (втор дел)

Во зависност од силата на воздушната струја, како и од подигнувањето на тонот, акцентот може да биде:

а. **динамичен** (издишен, експираторен);
б. **музикален** (тонски, мелодичен) акцент.

**Динамичниот** акцент се карактеризира со зголемен интензитет на издишната (експираторна) воздушна струја. Тоа значи дека говорителот, при изговорот на зборот, изделува еден слог во него наспроти другите слогови. Така, акцентираната самогласка во слогот се изговара посилно, појасно, малку повисоко и навидум подолго од иста таква самогласка во неакцентиран слог, на пример: *гребен – гребенче, грижлив – грижливи, табла – таблата* и сл.

Динамичниот или експираторен акцент му дава ритмичност на јазикот. Ваков акцент е карактеристичен за македонскиот јазик, како и за некои други јазици (англискиот, германскиот, рускиот).

**Мелодичниот** акцент се одликува со промена во височината на тонот при изговорот на акцентираниот слог. Ваков акцент имаат: италијанскиот, словенечкиот, српскиот, хрватскиот и други јазици.

Постојат јазици во кои акцентот има точно определено место во зборот и јазици во кои акцентот не се врзува за определен слог во зборот. Акцентот врзан за еден определен слог во различни форми на зборовите се вика **определен** (фиксиран, врзан, постојан) акцент. Ваков е акцентот во македонскиот стандарден јазик (на третиот слог од крајот на зборот), во полскиот јазик (на вториот слог од крајот на зборот), во францускиот (на првиот слог од крајот) итн. Ако акцентот не е врзан за определен слог во формите на зборовите, т.е. може да биде акцентиран кој било слог (првиот, вториот, третиот, четвртиот), станува збор **за неопределен** (разносложен, слободен) акцент, каков што е акцентот во англискиот, италијанскиот, рускиот, српскиот, хрватскиот и други јазици.




*Корица од книгата „Речник на три јазика“ издадена од Ѓорѓија Пулевски во 1875 година*

Марија Георгиева-Петриќ
судски преведувач за македонски јазик
(Според *Македонски јазик,* Просветно дело АД, Скопје, 2001)

# Македонски јазик на радио во Хрватска



*Студио во Сплит*

**Сплит** – Радио КЛ Еуродром, вторник од 9,30 до 10 ч. емисија „Македонски минути“, фреквенција 104.1 мегахерц или www.radiokl.hr со опција Live streaming. Водители Ангел Митревски и Ведран Лимиќ.

**Задар** – Радио 057, недела од 16,30 до 17 ч. емисија „Македонска ура“, фреквенција 91 мегахерц или на www.057info.hr. Водители Мирјана Мајиќ и Елвис Папиќ.



*Студио во Задар*

# Македонски песни и ора во Дражице, Моравице и Вишково

Фолклорните смотри прераснуваат како единствена можност за зближување на различните културни и национални традиции. Главна цел на таквите смотри е претставувањето на автентичната слика на народната уметност. МКД „Илинден“ секогаш со задоволство учествува на сите фолклорни средби на кои ги претставува своите народни обичаи, песни, ора и носии. Во септември пејачите и играорците на МКД имаа настапи на етно смотрите во Дражице, во Моравице и во Вишково. КУД „Звир“ од Јелење ја организираше традиционалната 18. Меѓународна смотра на фолклорот „Zatancajmo po domaći“ во Дражице. Покрај МКД „Илинден“ учествуваа и 300 гости од Хрватска, Италија, Босна и Херцеговина, Словенија и Унгарија кои со своите настапи ги презентираа домашните краишта и култури.

Во текот на манифестацијата беа понудени домашни производи и сувенири, а во вечерните часови беше организирана забава со познати домашни музички групи. Во Вишково беше исто така весело. На шестото „Вишковско прело“ и оваа година своите игри и песни ги презентираше МКД „Илинден“ заедно со уште 540 членови со повеќе културно-уметнички друштва од Хрватска, Босна и Херцеговина, Австрија и Словенија. Смотрата беше организирана по повод заштитникот на Општина Вишково, Св. Матеј, од страна на КУД „Извор“. Исто така, шестата смотра се одржа и во Моравице. Традиционална Меѓународна смотра на фолклорните друштва ја организира фолклорното друштво „Моравице“. На годинашнава средба своите богати културни традиции ги претставија 15 културно-уметнички друштва од различни краеви на Хрватска и од соседните земји. Учесниците смотрата ја започнаа со голема поворка по центарот на Моравице и на тој начин пред присутните граѓани ги презентираа своите културно-уметнички друштва. Фолклорот како збир на компоненти кои се поврзани со животот и со работата на руралното население немаат повеќе прастари услови, забавен развој и затоа останува мала можност тоа да се сочува, а ваквите смотри се еден од подобрите начини како да се сочува културната традиција.



*Етно смотра во Моравице*

Ива Чрњар

# Македонска фотографија во Риека

Во галеријата „Принципиј“ беше отворена изложбата „Современа македонска фотографија“ на која беа прикажани 45 фотографии од 31 автор на Фото сојузот од Македонија. Колекцијата е избор на Уметничката комисија на Фото сојузот, а нејзина цел е да го претстави актуелното фотографско творештво на македонските автори. Меѓу изложените фотографии преовладуваат црно-белите, а најмногу се прикажуваат сцени од секојдневниот живот. Изложбата ја отвори почесниот конзул на Република Македонија во Република Хрватска, проф. д-р Горан Калогјера кој нагласи дека оваа соработка е продлабочување на пријателските односи помеѓу двата народа. Претседателот на Фото клубот во Риека Борислав Божиќ, истакна дека ова е само прв чекор на патот до плодната културна соработка во иднина.

На публиката и се претстави и Сања Бутерин, авторка која имаше свои изложени фотографии. На долгата и богатата традиција на македонската фотографија потсети проф. д-р Васил Тоциновски, кој меѓу другото, истакна дека првите фотографи и сниматели на Балканот беа браќата Јанаки и Милтон Манаки од Битола, а посебно место во новата историја му припаѓа на основоположникот на современата македонска фотографија Благоја Дрнков, кој неодамна почина.



Во последните години македонската фотографија бележи видлив раст на авторски план. Оваа изложба ја имаше намерата да претстави автори на различни генерации и текови на современата македонска фотографија.

Ива Чрњар

**БОЈАН ВЕЛЕВСКИ**



*Одличниот настап во Загреб ми ги отвори вратите кон Белград, Љубљана, Сараево, Софија... Се надевам дека ќе најдам време до крајот на годината да дојдам повторно во Загреб, вели Бојан*



# Прв македонски комичар на загрепската „стенд-ап“ сцена

„Кога и да идам негде надвор од Македонија, колегите стално ме прашуваат: - Добро вие глумците у Македонија работите нешто? Снимате ли нешто? Ништо не слушаме за вас... - Снимаме, снимаме, како не... Еве ја на пример, имам два пати плуќа снимано...“ :)

Познато е дека смеата го продолжува животот, но и тоа дека е таа една од најсериозните работи. Тоа го знае и Бојан Велевски, симпатичниот 24-годишен актер и комичар од Скопје, кого најмногу го паметиме по ликот Ице од детската ТВ серија „Наше маало“. На 9 октомври Бојан како прв македонски „стенд-ап“ комичар настапи пред загрепската публика во реномираниот Клуб на комедијата „Студио Смијеха“.

- Загреб за мене е едно големо искуство. Можам да кажам дека се чувствувам како да сум направил наеднаш 10 чекори како комичар. Настапував на јазик кој не е мој, мајчин, пред публика која не ме познава, и на сцена на која неколку недели пред мене настап имаше светската ѕвезда Стив Хјуз, вели Бојан за настапот, па додава: - Можеби ќе звучи нескромно, но имав големи очекувања од себе за овој настап. Бев сигурен во квалитетот на материјалот кој го презентирав и драго ми е што публиката одлично се забавуваше.

На Бојан ова му беше прва посета на Загреб и Хрватска воопшто: - Ќе бидам искрен и ќе кажам дека очекував малку „потопол“ народ во Загреб. Но, затекнав западно-европски, ладен однос... посебно од младите. Загреб како град многу ми се допадна, улиците се чисти и некако секаде бргу стасував со трамвај, а најмногу уживав во кафето низ кафулињата во градот. Загреб има најубаво кафе што сум го пиел до сега.

За сличностите на „стенд-ап“ сцената во Хрватска и Македонија, Бојан вели дека споредбата е невозможна. Загреб има речиси 10 години историја зад себе, публика која е максимално едуцирана, која видела големи светски и балкански „стенд-ап“ ѕвезди, и секако е многу потешко да се насмее таква публика, отколку онаа во Македонија, која дури сега се запознава со овој правец и начин на изразување.

- За жал, кај нас во Македонија и натаму има некој кој тера низок хумор, само за да биде по секоја цена интересен за публиката, притоа негледајќи ја големата слика, дека тоа не е начинот на кој ние треба да ја градиме оваа нова за нас урбана култура и дека со тој начин на хумор нема никогаш да ја издигнеме публиката на повисоко ниво. Со нивото на хумор кое јас се обидувам да го „возам“, знаев дека ќе поминам без никаков проблем во Загреб, но за жал, кај нас хуморот што се бави со психологијата на луѓето многу потешко поминува, многу е полесно да ја насмееш публиката во Македонија ако земеш да ги навредуваш или омаловажуваш сите познати личности кои ќе ти паднат на памет. Но, тоа не е мојот стил и никогаш нема да биде, без разлика на цената која треба да ја платам – одлучен е Бојан во својата намера.

Тој со „стенд-ап“ се бави точно една година и за многу кратко време успеа да дојде и до балканскиот пазар... Неговите планови се големи: - Морам да бидам задоволен од досега постигнатото, иако не запирам тука, сега на ред доаѓаат настапи низ целата поранешна Југославија, плус додавајќи ја и Бугарија. Одличниот настап во Загреб ми ги отвори вратите кон Белград, Љубљана, Сараево, Софија... Се надевам дека ќе најдам време до крајот на годината да дојдам повторно во Загреб.

И додека уживавме во најубавото кафе во едно од кафулињата на Цветниот плоштад, сфатив дека со нетрпение го очекувам следниот настап на Бојан Велевски. Во овие брзи и стресни времиња на сите ни е потребна добра релаксација, една „пауза“ која барем за миг ќе не оттргне од грижите на секојдневието и ќе не расположи и насмее од срце.

Е. Петровска

# Калиопи на фестивалот „Един Карамазов и пријателите“





На почетокот на септември 2012 година, поточно од 1 до 5, на познатата загрепска летна клупска театарско-музичка сцена „Амадео“ во атриумот на Хрватскиот природонаучен музеј на Горниот град се одржа фестивалот „Един Карамазов и пријателите“, на кој светски познатиот лаутист Един Карамазов настапи со пет концертни програми на големо задоволство на вљубениците во класичната музика.

Во рамките на овој фестивал, на 3 септември на Карамазов му се придружи и големата македонска пејачка дива Калиопи. Тие изведоа неколку дела од заедничкиот албум „Обливион“ во издание на Хит Рекордс, во придружба на Ема Штајн на гитара и Свен Буиќ на бас гитара. Калиопи и Карамазов се големи пријатели и соработници и зад себе имаат голем број настапи и изведби, но секој пат одново со голема возбуда настапуваат пред многубројната публика. Атмосферата на концертот беше прекрасна и интимна, а посетителите уживаа во изведбата на овие двајца врвни музички уметници.

Е. П.





## ЦЕНОВНИК ЗА ОБЈАВЕНИ РЕКЛАМИ ВО “МАКЕДОНСКИ ГЛАС”

Страниците на нашето списание “Македонски глас” отворени се и за Вашите реклами. Доколку сакате Вие и Вашата фирма да се рекламирате на нашите страници, доволно е само да се јавите на телефонот на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска или испратите понуда на нејзината адреса, а ние од Уредништвото веднаш ќе ги исполниме Вашите желби. Ценовникот за користењето на рекламниот простор е:

| ФОРМАТ | ЦРНО-БЕЛО | КОЛОР |
|---|---|---|
| 1/1 А4 | 600 куни | 900 куни |
| 1/2 А4 | 450 куни | 600 куни |
| 1/3 А4 | 300 куни | 450 куни |
| 1/4 А4 | 225 куни | 300 куни |
| 1/8 А4 | 150 куни | 225 куни |

Во очекување на нашите взаемни контакти,
Ваш “Македонски глас”


## ПРЕТПЛАТА НА “МАКЕДОНСКИ ГЛАС“

Драги наши читатели,

Доколку Вие, кои редовно го читате нашето списание, сакате да станете негов претплатник и тоа редовно да пристига на Вашата адреса, Ви нудиме можност да го сторите тоа. Доволно е со писмо да се обратите на адресата на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, Масарикова 16/1, 10000 Загреб, во кое ќе ја приложите потврдата за Вашата платена претплата (жиро сметката на Заедницата е: 2340009-1100038804, матичниот број: 3805760, и личниот идентификациски број (OIB): 07739533563) и читко да го напишете Вашето име и адресата на која сакате да Ви пристига секој нов број на Македонски глас.

Претплатата на Македонски глас за Хрватска, со платена поштарина (за 6 броја), изнесува 60 куни годишно, додека пак за странство, 120 куни годишно или 17 евра.

Со надеж дека наскоро ќе ни се јавите,
искрени поздрави од
Уредништвото

# ВКУСОВИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ВО КУЈНАТА НА МОИТЕ МАЈКИ

Се чудите на насловот? Се сметам за среќлија зашто имам повеќе мајки, мојата родена, Драгица, битолчанка, па мама Анче, нејзината сестра и моја омилена тетка со која растев, и мама Мери, мајка на мојата најдобра другарка, со која сме посестрими, што би рекле битолчани. Тие ме научија да готвам и ова што е пред вас, се нивните рецепти.



## Брз и многу вкусен пинџур од мајка ми Драгица

**Потребно е (за 5-6 тегли од 1 кг):** околу 30 пиперки, зелени (слатки, а може и понекоја лута); околу 20 домати, средно големи; околу 5 црни патлиџани, средно големи; 1 чешне лук, ситно сечкано; 1 китка магдонос; околу ½ литар зејтин за во пинџурот; околу ½ литар зејтин, загреан, за конзервирање; неколку лажички сол, по желба; 1 лажиче шеќер; ½ филџан (за турско кафе) оцет; тегли со капачиња, загреани во рерна на 50 степени

**Подготовка**: Зеленчукот се пече околу 1 час додека не омекне на 180-200 степени. Се лупи и чисти од семчиња и кора, потоа, или се сечка или се пасира на крупно. Кога е готов, се додава лукчето, магдоносот, зачините, зејтинот и оцетот. Додавајте полека, со пробување. Количините не се правило, можете да ги смалувате или зголемувате, во зависност од вкусот.

Во меѓувреме теглите се вжештени во рерната која ја оставате вклучена по печењето на зеленчукот, ама со смалена температура. Сте го загреале и зејтинот, пазете не смее да зоврие. Во секоја тегла ставате пинџур кој го прелевате со врел зејтин. Теглата добро ја затворате и ја враќате во рерната. Сите тегли ги оставате во рерната на 50 степени преку цела ноќ. Следното утро рерната ја исклучувате, ама теглите не ги вадите. Оставете ги додека убаво не се оладат.

## Сарми од кисела зелка на мама Мери

**Потребно е (за 4 лица):** 1 поголема кисела зелка; ½ кг мелено месо, мешано; крупно насечена сланина, количина по желба; неколку суви ребра, количина по желба; 1 филџан (како за турско кафе) ориз; 2-3 главици кромид, ситно сечкан; 1 голема лажица црвен пипер; 1 сува пиперка (лутка, најдобро); 1 лажица буковка; сол, бибер; 1 лажиче црвен пипер за попарување; 1 лажица зејтин за попарување



**Подготовка:** Кромидот се пржи да омекне, се додава црвениот пипер, сол и меленото месо. Се пржи малку, да добие боја. Се додава бибер, буковка, ориз. Од оваа смеса, со листовите кисела зелка се формираат сарми. Се редат во длабоко, големо тенџере и се налеваат со водата во која претходно малку се обариле сувите ребра и сланината. Се додаваат сувите ребра и сланината и сè се вари на тивко, околу 1 час. Потоа се префрла во рерна да се испечат сармите на 180-200 степени уште 1 час. Пред да се готови, на загреан зејтин се пропржува лажиче црвен пипер и со оваа смеса се попаруваат сармите одозгора. Се враќаат во рерна уште десетина минути. Се служат со кисела павлака или друго, по желба.

## Брзи и лесни суви колачиња од мама Анче

**Потребно е:** 200 гр путер; 250 гр брашно; 150 гр обарени и многу ситно исечкани или сомелени бадеми, или измешано 100 гр бадеми и 50 гр кокосово брашно (по желба); 70 гр шеќер со 1 кесичка ванилин шеќер; шеќер во прав за одозгора; цимет, по желба

**Подготовка:** Сите состојки се месат подолго, тестото да омекне и да стане компактно. Од тестото потоа, се прават форми по желба: топчиња или полумесечинки, со модли (ѕвездички, стапчиња, триаголничиња). Јас користам шприц ама без наставки: густото тесто го протиснувам силно низ отворот и формирам „кифличиња“. Колачињата се печат кратко, на хартија за печење или намастен плех, 20-тина минути, на 150 степени, само да пожолтат. Се служат посипани со шеќер во прав или цимет, по желба. Ако правите топчиња, можете да ги лепите едно со друго со џем или друг намаз.



Јулијана Тешија

## КВАЛИФИКАЦИИ ЗА СП ВО БРАЗИЛ





*Навивачка и натпреварувачка атмосфера на стадионот „Максимир“ во Загреб*





*На спортската арена „Филип Втори“ во Скопје пред повеќе од 33.000 гледачи*

# Македонската фудбалска репрезентација загуби од Хрватската

Македонската фудбалска репрезентација на 7 септември 2012 година го започна квалификацискиот циклус од третото коло во А групата, за пласман на Светското првенство во Бразил во 2014 година со натпреварот против Хрватска на стадионот „Максимир“ во Загреб пред 12.000 гледачи, меѓу кои беа и претставници на Заедницата на Македонците во РХ, кои дојдоа да ги бодрат „црвено-жолтите“. Иако атмосферата меѓу нашите репрезентативци беше одлична и сите се надеваа на позитивен исход, домаќините победија со резултат 1:0. Постигнатиот гол беше на Никица Јелавиќ. Македонија добро играше, во текот на целиот натпревар беше достоен противник на Хрватска, но не успеа да ги искористи дадените шанси.

Вториот дуел на Македонија и Хрватска се одигра на 12 октомври на спортската арена-та „Филип Втори“ во Скопје. Македонската репрезентација играше во состав: Богатинов, Георгиевски, Новески, Шиков, Попов, Шумуликоски, Демири, Ибраими, Пандев, Тричковски и Ристиќ, а правдата ја делеше судиска тројка од Данска предводена од Петер Расмусен. Во публиката имаше преку 33.000 навивачи. И Орце Ламбевски, претседателот на Заедницата на Македонците во РХ, допатува од Загреб за да им даде поддршка на нашите во Скопје.

Почетокот на натпреварот беше енергичен и наликуваше на успешен меч за македонските репрезентативци. Се користеше секоја шанса и така, Ибраими во 16-тата минута од мечот даде гол и за момент ја израдува преполната арена. Но, Хрватска во 33-тата минута го израмни резултатот со голот на Чорлука. Во второто полувреме по само 15 минути игра, Хрватите со голот на Ракитиќ поведоа со 1:2 што беше и краен епилог на овој дебакл. Македонија играше добро, но далеку послабо во однос на првиот меч во Загреб што на крајот резултираше со пораз, за разлика од Хрватска која одигра подобро отколку во Загреб.

Честитки до хрватската фудбалска репрезентација за заслужените три бода, а нас ни останува надежта дека од грешките нешто ќе научиме за да играме подобро и да им се радуваме на победите.

Е. Петровска






# ТАЈНИТЕ НА ДЕВИНИТЕ КУЛИ И ПЕШТЕРАТА ПЕШНА









Во западниот дел на Македонија, во средиштето на областа Порече, оддалечено на околу 8 км. од малото гратче Македонски Брод, во правец на Самоков се наоѓа живописното планинско село Девич, сместено во прекрасна зелена недопрена природа која жителите успеале да ја сочуваат со својата вековна изолираност. Во неговата близина, на врвот на еден тесен карпест рид кој од три страни е обиколен со текот на Девичка река, се издигаат Девините кули, остатоци од тврдина од 14 век. Од локалитетот е останат само мал дел, но по дебелината на ѕидовите од два метра може да се заклучи дека била огромна тврдина која во тоа време претставувала центар за живеење на целиот крај.

На другиот рид преку патот, од десната страна по долината на реката Треска во Поречкиот басен се наоѓа една од најголемите пештери, Пешна. Иако не е многу длабока, таа има грандиозен влез со димензии 16,8 x 52,4 м и таваница од 30 м височина. Од северниот дел на пештерата, по дождовите и снеговите избива реката-понорница Пешна, која во лето наполно пресушува. Во пештерата е откриено дека на 200 м под земјата има езерце со живи риби, што е атракција за туристите. На самиот влез постојат остатоци од ѕидините на средновековна тврдина и црква. Денес пештерата Пешна е споменик на природата.

Интересни се преданијата за овие знаменитости. Се претпоставува дека кулите се од времето на јунакот Крале Марко. Тој имал неколку сестри. Најстарата, убавицата Дева, живеела во кулите. По неа тие биле наречени Девини кули, а од таму и селото го добило името Девич. Пешна, другата сестра на Крале Марко, живеела во тврдината крај големата пештера која се гледа од Девините кули. Пештерата по неа го добила името. Инаку, Пешна во весникот „Њујорк тајмс“ е опишана како идентична на измислените пештери во книгата „Господарот на прстените“.

Мистериозни се тајните на Девините кули и пештерата Пешна. Жителите на селото Девич и ден денес живеат со овие легенди кои само ја надополнуваат убавината на Поречието и ги мамат туристите да го посетат.

Е. Петровска